СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>07.12.2006<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 41** | |


# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Заклучок | 2 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за комунален развој и сообраќај за периодот од 01.01.2006 год.-30.09.2006 год. | 3 |
| 3. | Одлука за усвојување на Оперативната Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 год. | 4 |
| 4. | Оперативна Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 | 4 |
| 5. | Заклучок | 10 |
| 6. | Одлука за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти | 11 |
| 7. | Нацрт -Статут на Општина Охрид | 11 |
| 8. | Заклучок | 28 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Буџетот на Единицата на локална самоуправа за период 01.01-30.09.2006 год. | 29 |
| 10. | Заклучок | 29 |
| 11. | Одлука за донесување Стратегија за одржлив локален економски развој на Општина Охрид | 30 |
| 12. | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги укажува ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид | 31 |
| 13. | Одлука за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари | 32 |
| 14. | Заклучок | 33 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2239/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11. 2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжуваат **МЈП „Проаква“ Струга** и **ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид** да достават писмена информација за работата на Надзорниот и Управниот одбор, за периодот од 01.01.-30.11.2006 год. и Извештај за материјално финансиското работење за истиот период за двете јавни претпријатија, во рок од 7 дена, како и да се формира Комисија за контрола на реализацијата на Буџетот на општината и двете Јавни претпријатија, од членови на Советот.

**Број 07-2532/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТАНА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год. - 30.09.2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за комунален развој и сообраќај за периодот од 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за периодот од 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Одделението за комунален развој и сообраќај за периодот од 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2532/4**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД ВО СЕЗОНАТА 2006/2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката усвојување на оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 год.,што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/5**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД ВО СЕЗОНАТА 2006/2007 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2532/5**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

## ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД ВО СЕЗОНАТА 2006/2007 ГОДИНА

**Вовед**

Оперативната програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 год. е изготвена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и потребата за отстранување на снегот и голомразиците.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот, особено при изненадувањата од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно пратење на метеоролошките услови на интернет сајтовите со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 год. покрај горенапишаните подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при СВР - Охрид, Секцијата на Македонија пат - Охрид со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот, во овој случај движењето на специјалните возила за чистење на снег. Само со меѓусебна

координација и навремено извршување на своите задачи на сите погоре спомнати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од коловозите и тротоарите, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**Цел на програмата**

Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Охрид и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год., физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистењето на снегот им се дава на улиците по кои се одвива градскиот, додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно магистралните и регионалните патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат - Охрид.

Утврдувањето на приоритетните улици по категории го утврдува ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид со претходна согласност од Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој. Категоризацијата е резултат на повеќегодишно исклуство на ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид во зимски услови.

Чистењето на снегот и голомразицата се одвива по приоритет на улици утврден во групи спрема следниот преглед:

**Преглед на улици предвидени во Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год.**

**I-ва група на улици**

1. ул.„Јане Сандански„ (од пресекот со ул.“Партизанска“ до крај)
2. ул.„Питу Гули„ (од ул.“Јане Сандански“ до ул.“7/ми Ноември“)
3. ул.„7/ми Ноември„ (од “Булевар на револуција“ до ул.“Железничка“)
4. ул.„Македонски Просветители„ (од кружниот тек до Противпожарна станица)
5. ул.„Партизанска„ (од Булевар “М.Просветители“ до пресекот со ул.“Ј.Сандански“)
6. ул.„Димитар Влахов„ (од ул.“Ј.Сандански“ до Булевар “М.Просветители“)
7. ул.“Абас Емин“ (од пресек со Булевар “Туристичка“ до ул.“Гоце Делчев“)
8. ул.“Кирил и Методиј“ ( од ул.“Гоце Делчев“ до Горна Порта)
9. ул.“Гоце Делчев“ (од пресек ул.“Абас Емин“ до крај)
10. ул.“Марко Цепенков“ (од ул.“Сирма Војвода“ до ул.“Момчило Јорданоски“)
11. ул.“Момчило Јорданоски“ (од ул.“Марко Цепенков“ до пекара Габреш)
12. ул.“Сирма Војвода“ (од ул.“Јане Сандански“ до влез на болница)
13. ул.“Кузман Јосифоски“ (од ул.“Партизанска“ до ул.“Димитар Влахов“)

**II-ра група на улици**

1. ул.“Абас Емин“ (од Булевар на револуција“ до ул.“Железничка“)
2. ул.“Стив Наумов“ (од Булевар “Туристичка“ до ул.“Гоце Делчев“)
3. ул.“АСНОМ“ (од Булевар “Туристичка“ до ул.“Карпош Војвода“)
4. ул.“Даме Груев“ (од Булевар “Туристичка“ до Кружниот тек)
5. ул.“Карпош Војвода“ (од ул.“Јане Сандански“ до ул.“АСНОМ“)

6. ул.“Сирма Војвода“ (од ул.“Сирма Војвода“ до ул.“Карпош Војвода“)
7. ул.“Марко Несторoски“ (од ул.“7/ми Ноември“ до ул.“Питу Гули“)
8. ул.“Кленоец“ (од ул.“7/ми Ноември“ до с.Долно Лакочереј)

9. ул.“Марко Цепенков“ (од ул.“Момчило Јорданоски“ до Стобекс)
10. ул.“1/ва Македонска Ударна Бригада“ (од ул.“Питу Гули“ до Стобекс)
11. ул.“Живко Чинго“ (од ул.“15/ти Корпус“ до ОУ “Живко Чинго“)

**III-та група на улици:**
1. ул.“Јане Сандански“ (од пресек со ул.“Партизанска“ до ул.“Кеј М.Тито“)
2. ул.“Кеј Маршал Тито“ (од Булевар “М.Просветители“ до “АСНОМ“)
3. ул.“АСНОМ“ (од “Кеј М.Тито“ до Булевар “Туристичка“)
4. ул.“Партизанска“ (од ул.“Јане Сандански“ до ул.“АСНОМ“)
5. ул.“Стив Наумов“ (од Булевар “Туристичка“ до ул.“8/ми Март“)
6. ул.“8/ми Март“ (од ул.“Железничка“ до ул.“Стив Наумов“)
7. ул.“Распаќе“ (од ул.“Гоце Делчев“ до Булевар “Туристичка“)
8. ул.“Галичица“ (од ул.“Јане Сандански“ до ул.“АСНОМ“)
9. ул.“Ванчо Николески“ (од ул.“Партизанска“ до ул.“Димитар Влахов“)
10. ул.“Карпош Војвода“ (од ул.“Даме Груев“ до ул.“Јане Сандански“)
11. ул.“Цар Самоил“ (цела)
12. ул.“Коста Абраш“ (цела)
13. ул.“Момчило Јорданоски“ (од ул.“М.Цепенков“ до ул.“1/ва МУБ“)
14. ул.“Егејска“ (од ул.“Железничка“ до ул.“7/ми Ноември“)
15. ул.“Ариф Мустафа“ (од ул.“Гоце Делчев“ до Булевар “Туристичка“)

**IV-та група на улици:**
1. ул.“8/ми Септември“ (од ул.“Никола Карев“ до ул.“Сирма Војвода“)
2. ул.“Лазо Трпоски“ (од ул.“Галичица“ до ул.“Сирма Војвода“)
3. ул.“Никола Карев“ (од ул.“Галичица“ до ул.“АСНОМ“ и до Бул.“Туристичка)
4. ул.“Илинденска“ (од ул.“Цар Самоил“ до Горна порта)
5. ул.“Кузман Капидан“ (од Горна порта до Плаошник; од Горна порта до Самоилови)
6. ул.“Бекир Али Риза“ (од ул.“Абас Емин“ до ул.“7/ми Ноември“)
7. ул.“Крали Марко“ (од ул.“Стив Наумов“ до ул.“Абас Емин“)
8. ул.“Никола Петров Русински“ (од Булевар “Туристичка“ до ул.“Гоце Делчев“)
9. ул.“Гоце Делчев“ до ул.“Васил Стефоски“
10. ул.“Васил Стефоски“ (од ул.“Гоце Делчев“ до ул.“Махмуд Рифат“)
11. ул.“Махмуд Рифат“ (од ул.“Гоце Делчев“ до ул.“Васил Стефоски“)
12. ул.“Дејан Војвода“ (од ул.“Абас Емин“ до ул.“Стив Наумов“)
13. ул.“Даме Груев“ (до комплекс згради нас.“Христо Узунов“)
14. ул.“Богомилска“ (ул.“Марко Несторoски“ до ул.“Даме Груев“)
15. ул.“Васил Главинов“ (од ул.“7/ми Ноември“ до ул.“Марко Несторoски“)
16. ул.“Ѓорче Петров“ (од ул.“М. Несторoски“ до комплекс згради Христо Узунов)
17. ул.“Вангел Николоски“ (од ул.“1/ва МУБ“ до ул.“Марко Цепенков“)
18. ул.“Трајче Дојчиноски“ (од ул.“1/ва МУБ до ул.“Марко Цепенков“)
19. ул.“1/ви Мај“ (од ул.“Питу Гули“ до ул.“1/ва МУБ“)
20. ул.“Александар Гушо“ (од ул.“Питу Гули“ до ул.“Трајче Дојчиноски“)
21. ул.“Ристо Чадо“ (од ул.“Железничка“ до Стобекс)
22. ул.“Ванчо Питошески“ (од ул.“Јане Сандански“ до ул.“Мирче Ацев“)
23. ул.“Мирче Ацев“ (од ул.“Никола Карев“ до ул.“Ванчо Питошески“)
24. ул.“Бистрица“ (од ул.“Железничка“ до ул.“Васил Стефоски“)

**V. Останати улици**

Останатите улици кои не се опфатени во погорните категории ќе бидат категоризирани во улици од V-та категорија и ќе се чистат во зависност од реализацијата на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската

служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/2007 год. Во оваа категорија ќе бидат опфатени и улиците односно пристапите до центарот на селата кои гравитираат во општина Охрид.

**VI. Улици кои заради специфични местоположби ќе бидат опфатени со рачно посипување**

Одредени улици во општина Охрид кои заради големите нагорнини не можат да бидат опфатени со оваа Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. односно заради неможноста од поминување на специјалните возила за чистење на снег, како и улици по кои не се одвива сообраќај, а се од посебна важност ќе се посипуваат рачно или со трактор сеалка. Овие улици не се категоризирани во ниедна категорија погоре, меѓутоа некои од нив заради својата специфичност ќе бидат категоризирани како улици од I-ва и II-ра категорија со посебна важност, тоа се: ул.“Св.Климент Охридски“; дел од улиците “Гоце Делчев“, “Даме Груев“; улиците во стариот дел на градот; улиците во населба “Бејбунар“ како и улиците во селата кои гравитираат во општина Охрид.

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото ќе го врши дежурна екипа на РЕ - Паркови и зеленило.

**Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, ќе се врши посипување со мешавина од индустриска сол и камена ситнеж. Приоритетот односно динамиката се утврдува во зависност од висината на снежните врнежи, температурата на воздухот и предвидувањата на атмосферскиот талог односно снежните врнежи. Најпрво ќе се третираат улиците од I-ва категорија, а потоа останатите, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот. За оваа намена ќе се користат трактори со посипувачи како и влечен растурач на сол и ризла (епоха). Ќе напомeнеме дека ефектот на индустриската сол и камената ситнеж имаат ефект на температури повисоки од -3˚С додека за температури пониски од наведената ефектот на ваквите дејствија е многу намален.

Доколку снегот на коловозот е над 15см. се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се ИЦБ, утоварувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

**Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејствија на чистење на снегот од коловозите ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид овластеното лице за спроведување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ќе го извести Секторот за сообраќај при СВР - Охрид за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на

специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефиксно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот односно некои улици да се затворат односно да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите. Во изминатите години ЈП “Охридски комуналец“ - Охрид во овој дел имаше одлична соработка со Секторот за сообраќај при СВР - Охрид.

**Средства, опрема и организациона поставеност**

За извршување на активностите од Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ќе се користат следните средства и извршители и тоа:

1. ФАП за Зимско Одржување (со епоха или нож)
- обслужувачи - возачи:
    1. Чеменкоски Перо
    2. Лазарески Владо
    3. Младеноски Аце
    4. Никлески Мирко
2. Работни машини
- обслужувачи - возачи:
    1. Али Петрит
    2. Аврамоски Наум
    3. Лошкоски Наум
3. Трактор со соларка
- обслужувачи - возачи:
    1. Кожески Симон
    2. Нически Васко
    3. Мустафоски Шериф

Исто така ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид има организирано дежурни служби за одржување машини и возила и тоа:

Бравар:
    1. Петрески Трајан

Механичари
    1. Кочоски Науме
    2. Мургоски Ињо

Работници за обавување на работите предвидени со паркови и зеленило:
    1. Петрески Милчо
    2. Спасе Гогачески
    3. Кочоски Петар
    4. Орачев Иванчо

За организирање на работата на Зимската служба се формира штаб во состав:
    1. Ѓоко Филипчески - одговорен
    2. Јованоски Драги
    3. Ропчев Наум
    4. Ристески Миле
    5. Благоја Сметаноски
    6. Рауник Вера
    7. Маслов Климе
    8. Александар Попоски

Доколку врнежите на снег се многу големи ЈП "Охридски комуналец" - Охрид за спроведување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ќе користи опрема и средства од други физички и правни субјекти со кои претходно во текот на подготвителниот период ќе пристапи кон договарање на активностите во вакви услови.

За извршување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид односно овластеното лице за спроведување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ќе биде во постојан контакт со Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој од општина Охрид како и дежурното лице од Секторот за сообраќај при СВР - Охрид.

Со општина Охрид за спроведување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год. ќе биде склучен посебен Договор со кој ќе се дефинираат правата и обврските на договорените страни како и цените за услугите односно за извршените работи.

За чистење на улиците по приоритет на налогодавачот, општина Охрид како и на Секторот за сообраќај при СВР - Охрид и Секторот за урбанизам, комунален развој и животна средина од општина Охрид, изведувачот ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид со договорот ќе му достави каста на градот со бележани улици по категории и тоа:

- со Зелена боја улиците од I-ва категорија
- со портокалова боја улиците од II-ра категорија
- со Сина боја улиците од III-та категорија
- со Црвена боја улиците од IV-та категорија

Останатите улици кои не се опфатени со горенаведената категоризација се необележани. Смеровите на движење на возилата, машините и другите средства за чистење на снегот ќе се договараат со дежурните служби на Секторот за сообраќај при СВР Охрид.

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид како изведувач на работите е должен за текот на изведувањето на работите да води градежен дневник во кој ќе се внесуваат податоци за извршените активности со времето на започнување односно прекинувањето изразено во работни часови.

Налог за работа и надзор на изведувањето на работата ќе издава и врши стручната служба или лице одредено од Сектор за урбанизам, комунален развој и животна средина при општина Охрид. Доколку истите не се во можност да излезат на терен од било кои причини, а заради ефикасно спроведување на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год., а заради навремено почнување на активностите ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид го задржува правото да отпочне со реализирањето на Оперативна програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2006/07 год.

Заради координирање на активностите на зимското одржување на улиците во градот благовремено ќе бидат информирани надлежните органи на општината Охрид односно Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој од општина Охрид и секторот за сообраќај при СВР - Охрид.

**Број 07-2532/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/5-2** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.весник на РМ“ бр.5/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Советот на општина Охрид на Фондот за магистрални и регионални патишта - Скопје, му укажува на потребата од редовно одржување на патниот правец Охрид - Ресен, преку Галичица. што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/5-2** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Сл.весник на РМ" бр.62/04), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид , Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.11.2006 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти и тоа:

Во член 1 став 2 по зборот „август" се додава „2006 год."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2532/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ -СТАТУТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт - Статутот на општина Охрид**,** што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на членовите 7 и 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општината Охрид на седницата одржана на ден 07.12.2006 година, донесе:

**НАЦРТ -С Т А Т У Т НА ОПШТИНА ОХРИД**

**I. Општи одредби**

**Член 1**

Општина Охрид ( во натамошниот текст: Општина) е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку преставници во органите на Општината.

**Член 2**

Општината Охрид е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Службен весник на РМ. бр. 55/04).

**Член 3**

Со овој статут на Општината Охрид во согласност со закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

**Член 4**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 5**

Седиштето на Општината Охрид е во градот Охрид, на ул.Димитар Влахов бр.57.

**Член 6**

Општината е правно лице.

**Член 7**

Општината Охрид има свој имот со кој располага и стопанисува во јавен интерес.

**Член 8**

Општината има грб кој што е во форма на отворен круг и кој во внатрешниот дел завршува со отворен квадрат.

Во квадратот има штит во кој се содржани: името Охрид, самоиловата тврдина, Охридското езеро и едрилица.

Грбот на Охрид има златна боја, а основата има темно сина боја.

Пречникот на грбот е една половина од широчината на знамето.

**Член 9**

Општината има знаме во темно сина боја. Во горната половина на знамето е грбот на Општината со златна боја.

Односот на широчината и должината на знамето е еден спрема два.

**Член 10**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 см во чија средина се наоѓа грбот на Општината и на чии рабови е испишано Република Македонија - Општина Охрид.

**Член 11**

Општината има свои празници.

Празници на Општината се: Св. Климент Охридски – Патронот на Охрид кој се одбележува на 8-ми декември и Денот на ослободувањето на Охрид од фашистичката окупација кој се одбележува на 7 – ми Ноември.

**Член 12**

Во Општината во службена употреба е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

**Член 13**

Општината востановува општински признанија и награди.

**Член 14**

Општината членува во ЗЕЛС, соработува со општините во Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји и може да членува во меѓународни организации за локална власт.

**II. Организација и работење на органите на Општината**

**Член 15**

Органи на Општината се: Советот и Градоначалникот.

**1. Совет**

**а) Конституирање**

**Член 16**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечаната изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 17**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б) Права и должности на членовите на Советот**

**Член 18**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**Член 19**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

**Член 20**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 21**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

**в) Претседател на Советот**

**Член 22**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

**г) Начин на работа**

**Член 23**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 24**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината и во локалните средства за јавно информирање, најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата.

**Член 25**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

**Член 26**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 27**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 28**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**Член 29**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**2. Градоначалник**

**Член 30**

Градоначалникот ги врши своите надлежностите во рамките утврдени со закон и овој Статут.

**Член 31**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на Општината.

**Член 32**

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност, најмалку еднаш годишно.

**Член 33**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со закон.

**Член 34**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 35**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во “Службен гласник на Општината Охрид”.

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

**3. Посебни тела на Општината**

**а) Совет за заштита на потрошувачите**

**Член 36**

Во Општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на Општината.

**Член 37**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во Општината.

**Член 38**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

**Член 39**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

**Член 40**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

**в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

**Член 41**

Во Општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор), заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 5 членови.

**Член 42**

Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања.

Членовите на Партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Советот;
- по предлог на облиците на месна самоуправа;
- по предлог на здруженијата на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и
- од општинската администрација.

**Член 43**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 44**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

**III.Организација и работење на комисиите на Советот на општината**

**1.Комисии на Советот**

**Член 45**

За претресување прашања од својата надлежност Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојните комисии трае колку и мандатот на Советот.

**Член 46**

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

**Член 47**

Постојани комисии на Советот се:

- Статутарно - правна комисија;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за финансии и буџет;
- Комисија за комунални дејности;
- Комисија за урбанизам;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за туризам и локален економски развој;
- Комисија за заштита на животна средина;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за одбележување на празници, манифестации, доделување на награди и признанија;
- Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените;

Делокругот на комисиите од став 1 на овој член се определува со Деловник на Советот.

**2.Состав, избор и начин на работа на комисиите**

**Член 48**

Комисиите на Советот се состојат од претседател, негов заменик и три члена.

**Член 49**

Избор на претседател, заменик и членови на комисијата на Советот се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политички партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го во предвид вкупниот број на членови на комисиите на Советот.

**Член 50**

Предлог за разрешување на претседател, заменик и членови на комисијата може да даде комисијата, Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, најмалку 3 членови на Советот и претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 51**

Изборот заради промена на поодделен член на комисијата се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 52**

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 53**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од присутните.

**Член 54**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 55**

На седницата на комисијата задожително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има параво на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 56**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 57**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашања што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

**IV. Вршење на работи според начелото на супсидијарност**

**Член 58**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од заначење за Општината, што не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната соджина, начинот и постапката на нивното вршење се уредиваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на Градоначалникот.

**Член 59**

Општината може да доделува награди и признанија.

Наградите и признанијата се доделуваат во знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката и уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата како и во други области.

**Член 60**

Наградите и признанијата може да се доделуваат на физички и правни лица од Општината, Републиката и од други државни и меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

**Член 61**

Правилата и критериумите за доделување на награди и признанија поблиску се уредуваат со Правилник.

Средства за награди и признанија се обезбедуваат од буџетот на Општината.

**V. Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер**

**1. Информирање на граѓаните**

**Член 62**

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;

- начинот и условите за остварување на нивните права;

- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;

- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;

- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;

- јавните набавки;

- именувањето на директори и претставници во управните одбори во јавните служби;

- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните служби во согласност со закон.

**Член 63**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање на службен гласник на општината;

- издавање и диструбуција до граѓаните на месечни информативни билтени;

- објавување на публикации;

- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;

- огласни табли;

- веб сајт;

- јавни трубини;

- средства за јавно информирање и

- друг начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 64**

Информирање на граѓаните на општината се врши на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**2.Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 65**

Во Општината се обезбедува слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (советот и градоначалникот), јавните служби основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 66**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен каратер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните служби основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 67**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на пристап до информациите од јавен карактер со кои расплага Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавната служба основана од општината создава услови презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на јавната служба.

**Член 68**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст;барател на информацијата).

Слободниот пристап на информацијата се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои расплага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за поседување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 69**

Барателот на информацијата за извршениот увид или делбениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 70**

Барателот на информацијата има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 71**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година.

Годишниот извештај за остварување на слободен пристап до Советот, најдоцна до 31 Јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат јавните служби кои ги основала Општината.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**VI. Исклучување на јавноста од седниците на Советот**

**Член 72**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 3 членови на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**VII. Претставки и предлози**

**Член 73**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општината и администрацијата.

**Член 74**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се наплаќа такса.

**Член 75**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 76**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката или предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 77**

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

**VIII. Јавни трибини, анкети и предлози од граѓаните**

**Член 78**

Органите на управата заради утврдување на политика во одредена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирање на јавна трибина, спроведувањето на анкета и прибирање предлози од граѓаните се објавува соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветна форма непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирање предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 79**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлуката или друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и
- изготвување на извештај.

**Член 80**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

## IX. Извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба

**Член 81**

Во воена состојба органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разузнавања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и други прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците и информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- координација и соработка со други општини.

**X. Начин на објавување на прописите на Советот**

**Член 82**

Прописите на Советот, пред да влезат во сила се објавуваат во службено гласило на Општината.

Службеното гласило на Општината е „Службен гласник на општина Охрид“

Во службеното гласило може да се објавуваат и прописи на други општини.

**Член 83**

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано по денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со негово донесување се од итен и неодложлив карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата, спасувањето и сл.;
- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.;

**XI. Месна самоуправа**

**Член 84**

Граѓаните во опшината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно овој Статут.

**Член 85**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - урбани заедници;
- во населените места (селата) - месни заедници.

**Член 86**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 87**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните со право на глас, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 88**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое бара основање на обликот на месна самоуправа, образложените за потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

**Член 90**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
- одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, домови на култура, спортски објекти и др.);

- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, забавни, спортски и други манифестации; и
- други работи од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на Општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 91**

Работите од претходниот член се финансираат од:

- средствата што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средствата што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средствата што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- подароци, донации и други средства.

Прибирањето и трошењето на средства од ставот 1 на овој член се врши преку буџетот на Општината.

**Член 92**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четири) години.

**Член 93**

Одлуката за распишување избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок одлуката за распишување избори и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува собирот на граѓани кого го свикува градоначалникот во дополнителен рок од 15 дена.

**Член 94**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на собир на граѓани, доклку присуствуваат најмалку 10% од граганите, жители на месната самоуправа, кои имаат право на глас.

За утврдени се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 95**

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на општината.

**Член 96**

За избор на членови на Советот на обликот на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 97**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месна самоуправа.

**Член 98**

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност од претседателот на обликот на месна самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решение се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 99**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на органот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 100**

Општината води евиденција за облиците на месна самоуправа на нејзиното подрачје.

**XII. Изменување и дополнување на Статутот**

**Член 101**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесе член на Советот, Комисијата на Советот и други субјекти.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 102**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

**XIII. Преодни и завршни одредби**

**Член 103**

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, Општината ќе ги воведе во евиденција облиците на месна самоуправа, основани со Статутот на Општината.

**Член 104**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 6/03 и 6/05).

**Член 105**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2532/7**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/7-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 85 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА СТАВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА НАЦРТ - СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

Советот на општина Охрид го става на **ЈАВНА РАСПРАВА - НАЦРТ СТАТУТОТ** на општина Охрид во временскиот период од 11.12.2006 год. до 11.01.2007 година.

**Број 07-2532/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. – 30. 09.2006 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Извештајот за реализација на Буџетот на единицата на локална самоуправа за период од 01.01.–30. 09.2006 год., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. – 30. 09.2006 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Буџетот на единицата на локална самоуправа за периодот од 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за реализација на Буџетот на единицата на локална самоуправа за периодот од 01.01.2006 год.- 30.09.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2532/8**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/8-1**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува стручната служба од Одделението за финансии и буџет, до Советот да доставува месечни извештаи за реализација на Буџетот.

**Број 07-2532/8-1**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за донесување на Стратегија за одржлив локален економски развој на Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/9**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 30.11.2006 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Стратегија за одржлив локален економски развој на општина Охрид.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Стратегијата за одржлив локален економски развој на општина Охрид од 7.11.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„

**Број 07-2532/9**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ УКАЖУВА ЈП„ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги укажува ЈП„ Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 6/03 и 6/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11. 2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ УКАЖУВА ЈП„ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги укажува ЈП „ Охридски комуналец“ Охрид

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги укажува ЈП „ Охридски комуналец“ Охрид бр.02-756/2 од 03.08.2006 год. донесена од Управниот одбор на ЈП „ Охридски комуналец“Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2532/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ИЗВРШЕНИ ПРЕКОПИ НА УЛИЦИ И ТРОТОАРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/11**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 6/03 и 6/05), член 96 и 104 од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ“ бр. 26/96, 40/99, 96/00 и 29/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ИЗВРШЕНИ ПРЕКОПИ НА УЛИЦИ И ТРОТОАРИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува обврска, висина и начин на плаќање на надоместокот за извршени прекопи на улици и тротоари на територијата на општина Охрид.

**Член 2**

Обврзници за плаќање надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари се физички и правни лица по чие барање и за чии потреби се врши прекопот.

Обврската за плаќање на надоместокот не се однесува на физички и правни лица кои вршат прекопи на улици и тротоари по налог на општина Охрид.

**Член 3**

Висината на надоместокот за поставување инсталации на улици и тротоари изнесува 15% од вредноста на градежно земјените работи и 5% за надзор на стручни лица од Одделението за комунален развој и сообраќај.

**Член 4**

Висината на надоместокот за асвалтирање на прекоп изнесува 1.500,оо денари за површина од 1м$^2$ со дебелина од 10 см.

**Член 5**

Условите за вршење на прекопот и начинот на плаќање на надоместокот ќе се регулираат со Договор помеѓу општината Охрид и барателот на прекопот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2532/11**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2532/12**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11. 2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжуваат стручните служби на локалната самоуправа да извршат анализа на добрите и лоши страни на потребите и можностите од формирање на јавна служба, односно јавна установа за урбанистичко и стратешко планирање, а резултатите од анализата да се достават до Советот на општина Охрид во рок од 2 месеци.

**Број 07-2532/12**
**30.11.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**